**20261762762**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Закон за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 96/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 јули 2026 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА МЕЃУРЕСОРСКО ТЕЛО ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТАТА УПРАВНА ПОСТАПКА

Член 1

Со оваа одлука се формира Меѓуресорско тело за примена на Законот за општата управна постапка (во натамошниот текст: Меѓуресорското тело).

Член 2

Меѓуресорското тело ги врши следните задачи:

- идентификува посебни закони и подзаконски акти што треба да се усогласат со Законот за општата управна постапка;
- утврдува правни и практични предизвици во примената на Законот за општата управна постапка;
- подготвува насоки, препораки и мислења за унапредување на единствената примена на Законот за општата управна постапка и
- предлага мерки за подобрување на управното постапување на органите на државната управа и другите носители на јавни овластувања.

Член 3

Меѓуресорското тело е составено од претседател, 14 членови и нивни заменици, од:

- Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија;
- Министерство за јавна администрација;
- Министерство за дигитална трансформација;
- Министерство за транспорт;
- Министерство за финансии;
- Министерство за социјална политика, демографија и млади;
- Министерство за внатрешни работи;
- Министерство за здравство;
- Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини;
- Министерство за економија и труд;
- Министерство за јавна администрација - Државен управен инспекторат.
- Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен;
- Канцеларија на Народниот правобранител и
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

За претседател на Меѓуресорското тело се определува членот од Министерството за јавна администрација.

По потреба, во работа на Меѓуресорското тело може да се вклучат и претставници од други органи на државната управа, стручни институции, академска заедница и други релевантни институции.

Член 4

Меѓуресорското тело донесува деловник за својата работа.

Член 5

Меѓуресорското тело најмалку еднаш годишно, доставува извештај за својата работа до Владата на Република Северна Македонија.

Член 6

Административно-техничките работи за потребите на Меѓуресорското тело ги врши Министерството за јавна администрација.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-5584/11
28 јули 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.